**20170671293**

## АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

Врз основа на член 10 точка 4), а во врска со член 81 став (2) од Законот за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија” бр. 113/07, 24/11, 136/11, 123/12, 154/15 и 53/16), директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство, донесе

## РЕШЕНИЕ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ЗАБРАНА НА УВОЗ НА ЖИВИ ЖИВОТНИ, ПРОИЗВОДИ И НУСПРОИЗВОДИ ОД ЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО ЗАРАДИ ЗАШТИТА ОД ВНЕСУВАЊЕ НА ВИРУСОТ НА ВИСОКО ПАТОГЕНА АВИЈАРНА ИНФЛУЕНЦА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ПО ПОТЕКЛО ОД РЕПУБЛИКА ГЕРМАНИЈА

Член 1

Во Решението за забрана на увоз на живи животни, производи и нуспроизводи од животинско потекло заради заштита од внесување на вирусот на високо патогена авијарна инфлуенца во Република Македонија по потекло од Република Германија (“Службен весник на Република Македонија” бр. 10/17, 18/17, 29/17 и 47/17), во членот 1 став (1) по алинејата 2 се додава една нова алинеја 3 која гласи:

„ - Липе/ Lippe,”.

Член 2

Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 02 – 317/5
29 мај 2017 година
Скопје

Директор на Агенцијата
за храна и ветеринарство,
м-р **Зоран Поповски**, с.р.